РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2082/2
16-10-2024

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница, одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-2082/1 од 26.07.2024 година, со наводи за судир на интереси и влијание при постапки за избор на ---------- за повеќе подрачни единици во РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

По разгледување на пријавата ДКСК утврди дека не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси кај службени лица согласно со член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи нема доволно податоци врз основа на кои може да се преземат конкретни активности за да се утврди фактичката состојба, а поради тоа што се работи за непознат подносител, ДКСК не може да побара дополнување и појаснување на истата.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 11.06.2024 година, е поднесена пријава заведена под бр. 12-1782/1 во Одделението за спречување на корупција, со барање ДКСК да изврши контрола на целокупната постапка за избор на ---------- за повеќе подрачни единици во РСМ, поради очигледен судир на интереси и влијание при избор на истите, од причини што сите -------------- кои биле избрани биле блиски роднини на сегашни или поранешни функционери.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Предметот со бр. 12-1782/1 од 11.06.2024 е префрлен во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање, бидејќи од наводите во истиот, не постојат конкретни наводи за дејствија за злоупотреба на службена положба по кои би постапувал Секторот за спречување на корупција.

По разгледување на пријавата, ДКСК констатира дека не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно со член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи пријавата е нејасна, од нејзината содржина не може да се утврди за кого се однесува, не содржи основни податоци (име и презиме) за лицата чиј избор за вршење на функцијата ---------- се оспорува, ниту конкретни податоци за нивна роднинска или друга поврзаност со сегашни или поранешни функционери, за кои исто така нема наведено основни податоци (име и презиме, функција) за да би можело пријавата да се индивидуализира и на тој начин да се овозможи постапување на ДКСК, а од причина што станува збор за анонимна пријава, ДКСК не може да побара допрецизирање на истата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: м-р С.М., советник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: С.С..М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk